





# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за работењето на ЈСП СКОПЈЕ за 2013 година




Текст....



ЈСП СКОПЈЕ







# С О Д Р Ж И Н А

1. Општи податоци
2. Мисија
3. Визија
4. Цели на претпријатието
5. Политика на управување со ризици
6. Политика на развој на претпријатието
7. Човечки ресурси
8. Општествено – економски амбиент во кој работеше Претпријатието во 2013 година
9. Дејност на претпријатието
10. Финансиски резултати
11. Показатели
12. Инвестиции
13. Планирани активност во 2014 година



Почитувани,

Во 2013 година целосно го реализиравме проектот за обнова на возниот парк на Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје - СКОПЈЕ, со што нашето претпријатие стана препознатлив бренд во главниот град со нови 312 автобуси. Со заеднички сили, Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски, Градот Скопје и Јавното сообраќајно претпријатие го реализиравме проектот за кој се зборува во цела Европа. Задоволство ми е што во текот на 2013 година голем број на претпријатија од регионот не посетија за да ги видат новите автобуси и да се стекнат со искуство во работењето во јавниот превоз.

На финансиски план, во 2013 година ЈСП СКОПЈЕ оствари добивка од 14 милиони денари, што е прв позитивен резултат во изминатите десет години. Позитивниот резултат се должи на благото зголемување на приходите со истовремено намалување на расходите. Карактеристично е што забележавме пораст на приходите во услови кога возрасните граѓани, односно граѓаните со над 64 години за мажи и над 62 години за жени добија дополнително уште еден бесплатен ден, односно добија бесплатен превоз и во сабота. Зголемениот промет во најголем дел се должи на новиот начин на контрола на билети и наплата на дополнителни билети кој го воведовме благодарение на законските измени подготвени од Министерството за транспорт и врски, а одобрени од Парламентот на Република Македонија, како и залагањето на Инспекциската служба и Секторот сообраќај во Градот Скопје. Се разбира голема заслуга во зголемувањето на прометот имаат и возачите на нашите автобуси, како и на линиската контрола. Намалувањето на расходите од работење, во најголем дел се должи на намалувањето на расходите за одржување на новите автобуси, намалената цена на нафтата на светските берзи, како и залагањето на менаџментот на претпријатието за одговорно работење.

Во 2013 година, ЈСП СКОПЈЕ стана сопственик на уште еден капитален објект, однсоно Милениумскиот крст, кој е споменик на културата по кој е препознатлив Градот Скопје. Со тоа пред нас постои голем предизвик за обновување и адаптација на Милениумскиот крст. Проектите се веќе изготвени согласно со кои крстот ќе добие антикорозивна заштита, ново осветлување, нов и модерен лифт и водоснабдување. Со овој проект ќе го заокружиме проектот "Жичарница Милениумски крст", односно граѓаните на Градот Скопје покрај со преубавата жичарница дополнително ќе уживаат и во новиот ресторан на крстот, како и погледот од крацитe.

Изминатата година беше успешна за ЈСП СКОПЈЕ. Сепак, пред нас претстојат голем број на предизвици, особено во делот на организација на јавниот превоз во нашиот главен град. Во моментот работна група составена од претставници од Министерството за транспорт и врски, Градот Скопје и ЈСП СКОПЈЕ интензивно работат на овој проект се со цел во иднина еден ист билет, со иста цена да важи и во автобусите на ЈСП СКОПЈЕ и кај приватните превозници, како и да нема натпревар на улиците помеѓу приватните автобуси и автобусите на ЈСП СКОПЈЕ.

Со почит,

Д-р Мишо Николов

# 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив | Јавно Сообраќајно Претпријатие “ СКОПЈЕ “ - Скопје |
| Скратен назив | ЈСП “ СКОПЈЕ “ - Скопје |
| Правна форма | Јавно претпријатие |
| Статус | Јавно Сообраќајно Претпријатие со Одлука бр. 4593/1 од 05.12. 1989 год. донесена од Собрание на Град Скопје |
| Основано | Од Извршен Народен Одбор на Град Скопје со Решение број 18376 од 11.07.1947 година |
| Регистрирано | На 17.01.1948 година со назив Градско Автобуско Сообраќајно Претпријатие Скопје |
| Функционира | На територијата на Град Скопје со приградските населби |
| Седиште | Скопје |
| Адреса | Булевар “ Александар Македонски “ број 10 |
| Раководење | Управен одбор , Надзорен одбор , Директор |
| Избор на УО и НО | Совет на Град Скопје |
| Избор на директор | Градоначалник на Град Скопје |
| Делокруг на работа | Јавен градски и приградски превоз на патници |
| Финансирање | Приход од превоз на патници , субвенции од Градот , донации |
| Ден на ЈСП | 17-ти Јануари |
| Директор на ЈСП | Д-р Мишо Николов |
| Управен одбор | |
| Претседател | Муса Јакуп |
| Членови | Аница Беќарска-Ѓорѓиевска<br>Снежана Поповчевска<br>Ѓошевски Влатко<br>Игор Трајковски<br>Розета Димитровска<br>Александра Димовска<br>Риза Јонузи<br>Ацо Петрушев<br>Новески Сашо<br>Кети Новак Костадиновска |
| Надзорен одбор | |
| Претседател | Ана Митревска |
| Членови | Весна Величковиќ<br>Севим Абаз<br>Даниела Трајчевска<br>Исни Сума |

## 1.1 Организациона структура

Дијаграм 1




## 2. МИСИЈА

*Мисија на ЈСП СКОПЈЕ е сигурно, стабилно и достапно во простор и време вршење на превозна услуга на целокупното локално население и на посетителите на градот Скопје и приградските населби под економски најповолни и еколошки прифатливи услови.*

## 3. ВИЗИЈА

*ЈСП СКОПЈЕ како високо организирана сообраќајно-техничка и економско-управна целина со широка општествена и корпоративна одговорност која ги обединува сите видови на јавен транспорт во Градот, во единствен, ефикасен, висококвалитетен и професионален јавен сервис насочен кон задоволување на потребите на граѓаните и напредокот на националната економија и општеството во целина.*

# 4. ЦЕЛИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Јавното претпријатие своите активности ги насочува кон остварување на следните цели:

- Континуирано одржување, подобрување и унапредување на квалитетот и ефикасноста на транспортните услуги. Брзо, точно, навремено, професионално одговарање на барањата на корисниците;
- Одржување на возниот парк во континуирана функционална кондиција;
- Воведување на современи техничко-технолошко системи и средства во функција на подобрување на квалитетот и ефикасноста во извршувањето на јавниот превоз;
- Зголемување на обемот и учеството на превозните услуги на ЈСП во вкупниот јавен превоз;
- Следењето на состојбата на пазарот и конкуренцијата, испитување на потребите на корисниците, како и зајакнување на  на врските со постоечките и стекнување на нови корисници;
- Зголемување на степенот и квалитетот на информираност на корисниците ( на постојките, во и на возилата, разни медиуми ) и подобрување на вкупните односи со јавноста и подигање на имиџот на претпријатието преку подобрување на хигиената во автобусите и на автобуските стојалишта, надворешниот изглед ( униформираност, педантност итн.);
- Обезбедување на економично, рентабилно и продуктивно работење;
- Обезбедување на финансиска стабилност на претпријатието;
- Континуирано следење на ефектите од економската криза и активно превземање на мерки за ублажување на нивното влијание врз работењето на Претпријатието;
- Заштеди и рационализации во рамки на системот на сите нивоа ( возила, погонска енергија, масла, мазива, резервни делови, други трошоци );
- Развој и унапредување на човечките ресурси;
- Имплементација на меѓународните стандарди за квалитет;
- Активности во насока на имплементација на законските прописи, статутарни одредби и општи акти на Претпријатието;
- Подобрување на општите услови за функционирање во дејноста преку заокружување на правната регулатива и нејзино усогласување со регулативата на Европската заедница;
- Уредување на јавниот сообраќај преку воведување на единствен модел на јавен превоз;
- Примена на еколошки стандарди и унапредување на заштитата на животната средина;
- Подобрување на позицијата на Претпријатието и зголемување на угледот во меѓународните организации (UITP).

# 5. ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Ризикот во ЈСП претставува закана дека некој настан или активност може да се претвори во негативен ефект кој ќе ја намали способноста на ЈСП СКОПЈЕ успешно да ги извршува своите надлежности, задачи и обврски во ЈГППП.

Ризикот во работењето на ЈСП СКОПЈЕ е веројатност дека одредена активност или настан, директно или индиректно негативно ќе се рефлектира врз успешноста во работењето на претпријатието, непреченото извршување на јавниот транспорт, намалување на приходите и зголемување на расходите. Со оглед дека ризиците не може целосно да се отстранат се наметнува потреба да се менаџира со нив со цел да се отстранат или да се намалат негативните ефекти колку што е тоа можно повеќе.

Управување со ризик претставува општ процес на утврдување, оценување и следење на ризикот како и спроведување на потребните контроли со што изложеноста на ризикот би се намалила и задржала на прифатливо ниво.

Политиката за управување со ризик ја донесува управата на претпријатието и за нивно оперативно спроведување по потреба формира посебен орган, кој ќе врши следење и контрола на ризикот. Во функција на претходното, посебно место и улога може да има одделението за внатрешна ревизија, а од функционален аспект адекватниот информативен систем.

Во функција на управување со ризик, ЈСП СКОПЈЕ има донесено Стратегија за управување со ризиците. Политиката на управување со ризиците ги содржи следните елементи:

- Следењето на приливите и одливите на паричните средства.
- Обезбедување на соодветна структура на активата и пасивата.
- Дефинирање на финансиските инструменти за обезбедување на плаќањата.
- Обезбедување на извори на средства соодветно на рочноста на нивната употреба.
- Утврдување на процедури за дефинирање на дозволени исклучоци и делегирање на одговорност за одлучување за примена на тие исклучоци.
- Поединечно следење на пооделни значајни коминтенти ( како корисници, така и добавувачи), кои можат да влијаат врз финансиската стабилност на претпријатието.
- Процедури за идентификување и следење на посебни финансиски извори (банкарски кредити, лизинг, заеми), од аспект на нивна стабилност и рочност.
- Обезбедување на систем на следење на потенцијални обврски по основ на планирани активности на претпријатието.
- Дефинирање на процесот на управување со ризикот во рамките на организационата структура на претпријатието.
- Дефинирање на надлежностите и одговорностите на органите на претпријатието или на посебно формиран одбор (комисија и сл.) за управување со ризик.
- Дефинирање на План за управување со ризик во вонредни услови итн.

# 6. ПОЛИТИКА ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Развојната политика на Претпријатието е дефинирана и следена од страна на Управниот Одбор на ЈСП СКОПЈЕ преку донесување на Годишна програма за работа и Инвестициона програма.

Годишната програма за работа го утврдува обемот и квалитетот на превозот и потребните средства за неговото извршување и содржи:

- Програма на физички обем на превозни услуги за 2014 година, утврден според Возниот ред донесен од Град Скопје, во делот за ЈСП, согласно Одлуката за вршење јавен градски и меѓуопштински ( приградски ) превоз на патници и
- Потребни средства за реализирање на програмата за работа за 2014 година.

Програмата на физички обем на превозни услуги за 2014 година ја изработуваат стручните служби за сообраќај на ЈСП и во неа се утврдуваат потребните капацитети за одржување на мрежата на градски и приградски линии, како и од нив изведени параметри.

Планот за потребните средства за реализирање на програмата за работа во наредната година се изработува врз основа на статистички податоци, комбинирани со податоци за економските движења во земјата. Во услови на нелојална конкуренција и од глобалната економска состојба на ограничени услови на работење на економиите во земјите од ЕУ која секако има последици по севкупното работење и во нашата економија, преставуваат вистински проблем за предвидливоста на побарувачката на корисниците и критичен момент по севкупната економија па и во работењето на Претпријатието.

Отаму, Планот е проектиран во услови на бавен економски раст на глобалните економски активности и ниска стапка на инфлација. Истиот е базиран на фактичката состојба на остварувањата во претходните две деловни години, реалните очекувања, проекциите и можностите на капацитетите и зголемувањето на ефикасноста на сопствените ресурси.

Со Одлука на Управниот Одбор на ЈСП СКОПЈЕ бр. 02-220/11 од 21.02.2014 година донесена е Годишната програма за работа на Претпријатието за 2014 година со проекција на следните потребни средства:

**ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА**

Таб.1

| О П И С | План 2014 | Стр. % |
|---|---|---|
| Материјални расходи | 578.229.000 | 29,4 |
| Вкалкулирани бруто плати | 578.110.000 | 29,3 |
| Вкалкулирана амортизација | 754.381.000 | 38,3 |
| Нематеријални расходи | 54.474.000 | 2,8 |
| Расходи од финансирање | 4.273.000 | 0,2 |
| **В К У П Н О** | **1.969.467.000** | **100,0** |

Во политика за развој спаѓа и Инвестиционата програма која се донесува секоја година. Со цел обезбедување на услови за континуирано вршење на основната дејност, негов развој и осовременување, ЈСП СКОПЈЕ со Инвестиционата програма предвидува набавка на превозни средства, придружна опрема потребна за одржување на возниот парк и опрема потребна за остварување на физичкиот обем на превозни услуги, како и на разни градежни зафати: реконструкции на објекти, инсталации, разни ремонтно-сервисни апарати и опрема, компјутерска опрема и др.

Покрај наведените, во Инвестиционата програма за 2014 година се предвидени и следниве проекти:

- Систем за наплата со смарт тикетинг – безготовински систем за наплата и Автоматска локација на возилата;
- Доуредување на Милениумски крст Водно;
- Панорамско тркало со придружни објекти и мостови.

# 7. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со состојба на 31.12.2013 година вкупниот број на вработени во ЈСП СКОПЈЕ изнесува 1.289 што е за 47 вработени или за 3,5% помалку во однос на минатата година ( 1.336 вработени ). Меѓутоа просечниот број на вработени сметано спрема бројот на вработени на крајот од месецот е поголем за 3,2%.

Во текот на годината Претпријатието го напуштиле 54 вработени, од кои 44 по основ на пензионирање, додека се вработени 7 работници.

| | |
|---|---|
| Вработени | 1.289 ( со состојба на 31.12.2013 година ) |
| Пол | Жени -------------------------------------- 181 ( 14,0%) |
| | Мажи -------------------------------------1.108 ( 86,0%) |
| Образование | ВСС ---------------------------------------- 75 ( 5,8%) |
| | ВС ------------------------------------------ 45 ( 3,5%) |
| | ССС -------------------------------------- 398 ( 30,9%) |
| | НСС ----------------------------------------- 35 ( 2,7%) |
| | ВКВ --------------------------------------- 736 ( 57,1%) |
| Работен стаж | од 0 до 5 год.------------------------------ 104 ( 8,1%) |
| | од 6 до 10 год.------------------------------ 99 ( 7,7%) |
| | од 11 до 15 год.------------------------- 84 ( 6,5%) |
| | од 16 до 20 год.---------------------------108 ( 8,4%) |
| | од 21 до 25 год.-------------------------- 103 ( 8,0%) |
| | од 26 до 30 год.-------------------------- 348 ( 27,0%) |
| | Од 31 до 35 год.-------------------------- 263 ( 20,4%) |
| | над 35 год.---------------------------------- 180 ( 14,0%) |

## 7.1 Квалификациона структурата

**БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА НАОБРАЗБА**

Таб.2

| Ред. бр. | Степен на наобразба | 31.12.2012 | Стр.% | 31.12.2013 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | В С С | 70 | 5,2 | 75 | 5,8 | 107,1 |
| 2. | В С | 46 | 3,4 | 45 | 3,5 | 97,8 |
| 3. | С С С | 407 | 30,5 | 398 | 30,9 | 97,8 |
| 4. | Н С С | 41 | 3,1 | 35 | 2,7 | 85,4 |
| 5. | В К В | 772 | 57,8 | 736 | 57,1 | 95,3 |
| | **В к у п н о** | **1.336** | **100,0** | **1.289** | **100,0** | **96,5** |

Најголем број од вработените се ангажирани во превозните и ремонтно-сервисните услуги, при што најбројни се ВКВ-вработени со учество од 57,8% и ССС-вработени со 30,5%. Следат ВСС-вработени со учество од 5,2%, ВС-вработени со 3,4,% и НСС-вработени со 3,1%. Потребата од ваквата структура на вработени ( според вид и степен на стручна наобразба, пол и др.) произлегува од специфичниот трудоинтезивен карактер на дејноста која претпријатието ја обавува.

Претпријатието ќе продолжи да вработува високостручен кадар и да вложува во обука и стручно доосспособување на вработените со цел постигнување подобри ефекти и резултати во работењето.

# 8. ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ АМБИЕНТ ВО КОЈ РАБОТЕШЕ ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО 2013 ГОДИНА

Во текот на деловната 2013 година претпријатието работеше во услови на непредвидливи економски движења на пазарот и под влијание на глобалната економска состојба и ограничени услови на работење на економиите во земјите од ЕУ , како и во околности на бавно заздравување на целокупната економија во нашата земја.

Врз работењето на претпријатието значајно влијание имаат и долгогодишните нерешени проблеми во јавниот превоз на патници.

- Делувањето на нелојалната конкуренција и сивата економија во дејноста.
- Нецелосно заокружена законска регулатива и недоследна примена на одредбите од Одлуката за условите за вршење ЈГППП.
- Специфичноста на дејноста која по својата природа е непрофитабилна. Приходот остварен од превоз на патници во дејноста е директно зависен од висината на цената на превозот која е социјална, а не пазарна и е недоволен за покривање на тековните трошоци на работењето, кои се директно зависни од висината на пазарните цени на материјалите и услугите (гориво, резервни делови, плати за вработените итн.).

Делувајки во таков амбиент, во 2013 год. ЈСП СКОПЈЕ оствари позитивен финансиски резултат- добивка од работење во износ од 14,9 милиони денари.

Меѓутоа ако се иземе приходот од субвенции и донации, делот од пресметаната амортизација за донирани основни средства, како и делот од вкалкулираните трошоци за донирана нафта, ЈСП би остварило загуба од 134,2 милиони денари. Ако се земе во предвид дека трошокот за нафта е неопходен за обавување на основната дејност на претпријатието, тогаш во случај да не е обезбедена донација по овој основ ( 54,5 милиони денари ), ЈСП би остварила загуба од 188,8 милиони денари.

Во делот на финансиското работење остварени се следниве резултати:

- Зголемување на вкупниот приход за 13,6%;
- Пораст на приходот од превоз на патници - Жичница за 38,4%;
- За 2013 година добиени се субвенции за тековно работење во износ од 96,2мил. денари и субвенции за бесплатен превоз на возрасни лица во износ од 48,6 мил. ден.;
- Зголемување на приходите од донации за 43,6%:
- Зголемување на останатите приходи за 43,9%;
- Пораст на вкупните расходи за 12,5%.

Работејќи во дадените услови претпријатието со целосна ангажираност во сите сегменти од работење оствари значајни подобрувања во делот на превозните капацитети и физичкиот обем на услуги. Порастот на обемот и квалитетот на транспортната услуга, зголемувањето на ефикасноста и сигурноста во превозот на патници, намалување на емисијата на штетните издувни гасови се директен резултат од вклучувањето во експлоатација на новонабавените автобуси.

Работењето во делот на физичкиот обем на превозни услуги може да се илустрира преку следниве показатели:

- Зголемен број на инвентарни возила (просечно дневно) за 4,9%;
- Зголемен број на исправни возила (просечно дневно) за 8,1%;
- Зголемен број на возила во работа (просечно дневно) за 4%;
- Пораст на бројот на возила во резерва (просечно дневно) за 26,6%;
- Намалување на просечната старост на возниот парк за 16,2% (од 8,88 на 7,44 год.);
- Зголемување на бројот на поминати километри за 4,9%;
- Зголемување на бројот на часови во сообраќај на возилата за 2,5%;
- Зголемување на бројот на превезени патници за 0,4%.

# 9. ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

## *9.1 Превозни капацитети*

**СОСТОЈБА НА ИНВЕНТАРНИТЕ ВОЗИЛА НА 31.12.2013**
**( СПОРЕД ДАТА НА ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА )**

Таб.3

| Р.бр. | Тип на автобус | Соло автобуси | Зглобни автобуси | Вкупно автобуси | Стр. во % | Просечна стар. во години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Санос | 84 | 23 | 107 | 24,4 | 20,94 |
| 2. | Лејланд | 3 | | 3 | 0,7 | 26,63 |
| 3. | Икарус | 10 | 0 | 10 | 2,3 | 25,43 |
| 4. | Лаз | 79 | | 79 | 18,0 | 2,55 |
| 5. | Јутонг | 216 | | 216 | 49,2 | 1,69 |
| 6. | Минибус ( Застава, Јутонг) | 24 | | 24 | 5,4 | 5,27 |
| **7.** | **Вкупно ( 1 - 6 )** | **416** | **23** | **439** | **100,0** | **7,44** |
| | Учество % | 94,8 | 5,2 | 100,0 | | |
| | Р.Е.Автокоманда | 209 | 9 | 218 | 49,7 | 6,76 |
| | Р.Е.Ѓорче Петров | 207 | 14 | 221 | 50,3 | 8,12 |
| 8. | Туристички автобуси | | | 2 | | 18,95 |
| | **Вкупно автобуси ( 7 + 8 )** | **416** | **23** | **441** | | **7,49** |

### Еколошки стандард

| Еколошки стандард | |
|---|---|
| EURO 5 еколош. стандард | 216 автобуси ( Јутонг ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 79 автобуси ( Лаз ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 16 автобуси со мотор на комбинирано гориво ( природен гас / нафта ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 16 минибуси ( Јутонг ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 8 минибуси ( Застава ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 2 туристички автобуси |

Со одлуки на УО на ЈСП во Април и Мај 2013 год. се расходувани вкупно 96 автобуси и истите се отуѓени во делови, со што се избришани од евиденција. Неоштетените делови ( стакла, лајсни, столици, механички делови, непотполни агрегати – мотори, менувачи, диференцијали, ситна галантерија, електро делови и друго ) од расходованите автобуси се демонтираат и ќе се искористат за тековно одржување на останатите возила. На 02.03.2013 година во улични немири целосно беше уништен еден нископоден соло автобус од украинскиот производител Лаз.

Со Одлука на УО на ЈСП од 17.07.2013 година еден користен автобус се пренесува во сопственост на Општина Кичево.

## БРОЈ НА АВТОБУСИ ПО ГОДИНИ СТАРОСТ
### ( СПОРЕД ДАТА НА ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА )

Таб.4

| Години на старост | Соло | Стр. % | Зглобни | Стр. % | Вкупно автобуси | Стр. % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 - 5 години | 312 | 75,0 | | | 312 | 71,1 |
| 6 - 10 години | 1 | 0,2 | | | 1 | 0,2 |
| 11 - 15 години | 41 | 9,9 | | | 41 | 9,3 |
| 16 - 20 години | 15 | 3,6 | 7 | 30,4 | 22 | 5,0 |
| 21 - 25 години | 23 | 5,5 | 15 | 65,2 | 38 | 8,7 |
| 26 - 30 години | 18 | 4,3 | 1 | 4,3 | 19 | 4,3 |
| 31 - 35 години | 5 | 1,2 | | | 5 | 1,1 |
| 36 - 40 години | 1 | 0,2 | | | 1 | 0,2 |
| **Вкупно** | **416** | **100,0** | **23** | **100,0** | **439** | **100,0** |

Граф.1




Граф.2



Граф.3




Граф.4




## *9.2 Физички обем на услуги*

**ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ**
**( ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ )**

Таб.5

| Ред. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2012 | 2013 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инвентарна состојба на автобусите (31.12.) | 536 | 439 | 81,9 |
| 2 | Инвентар. сост. на автоб.-просечно дневно | 445 | 467 | 104,9 |
| 3 | Просеч. днев. исправни автобуси | 309 | 334 | 108,1 |
| 4 | Просеч. днев. исправни автоб. во раб. денови | 304 | 334 | 109,9 |
| 5 | Просеч. днев. автоб. во работа | 201 | 209 | 104,0 |
| 6 | Просеч. днев. автоб. во работа во раб. денови | 240 | 253 | 105,4 |
| 7 | Просечно дневно автобуси во резерва | 64 | 81 | 126,6 |
| 8 | Коефициент на техничка исправност | 0,69 | 0,72 | 104,3 |
| 9 | Коефиц. на искористеност на тех. исправн. | 0,79 | 0,76 | 96,2 |
| 10 | Коефиц. на искорист. на вкуп. возен парк | 0,54 | 0,54 | 100,3 |
| 11 | Просечна старост на автобусите (31.03.) | 8,88 | 7,44 | 83,8 |
| 12 | Поминати километри - вкупно | 17.332.957 | 18.181.483 | 104,9 |
| 13 | Поминати километри на градски линии | 10.512.764 | 10.881.556 | 103,5 |
| 14 | Поминати километри на приградски линии | 5.928.286 | 6.272.245 | 105,8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Поминати километри на договорен превоз | 891.907 | 1.027.682 | 115,2 |
| 16 | Поминати км. за возила со мотор на нафта | 16.401.957 | 17.679.732 | 107,8 |
| 17 | Поминати км. за воз. со мот.на комбин.гор. (нафта/прир. гас) | 931.000 | 501.751 | 53,9 |
| 18 | Потрошено нафта-вкупно ( литри ) | 6.994.315 | 7.171.257 | 102,5 |
| | -месечно | 582.860 | 597.605 | 102,5 |
| | -дневно | 19.110 | 19.647 | 102,8 |
| 19 | Потрошено нафта - вкупно на 100 км. | 40,35 | 39,44 | 97,7 |
| 20 | Потрошено нафта за возила со мотор на нафта ( лит ) | 6.662.533 | 7.000.781 | 105,1 |
| 21 | Потрошено нафта на 100 км. за воз.со мот.на нафта ( лит. ) | 40,62 | 39,60 | 97,5 |
| 22 | Потрошено гориво за 30 автобуси со мот. на комбин.гориво | | | |
| | -природен гас ( нм3 ) | 94.430 | 53.922 | 57,1 |
| | -нафта ( литри ) | 331.782 | 170.476 | 51,4 |
| 23 | Потрошено гориво на 100 км. за автобуси на комби. гор. | | | |
| | -природен гас ( нм3 ) | 10,14 | 10,75 | 106,0 |
| | -нафта ( литри ) | 35,62 | 33,98 | 95,4 |
| 24 | Остварени часови во сообраќај | 902.575 | 925.245 | 102,5 |
| 25 | Остварена комерцијална брзина | 19,20 | 19,65 | 102,3 |
| 26 | Просечно поминати км. по возило во работа | 86.234 | 86.993 | 100,9 |
| | -месечно | 7.186 | 7.249 | 100,9 |
| | -дневно | 236 | 238 | 100,8 |
| 27 | Просечно поминати км. по вработен | 13.670 | 13.900 | 101,7 |
| | -месечно | 1.139 | 1.158 | 101,7 |
| | -дневно | 37,3 | 38,08 | 102,1 |
| 28 | Просечно поминати км. по возач | 30.787 | 31.240 | 101,5 |
| | -месечно | 2.566 | 2.603 | 101,4 |
| | -дневно | 84 | 85,59 | 101,8 |
| 29 | Број на полуобрти во сообраќајот | | | |
| | - број на планирани полуобрти | 1.179.103 | 1.189.007 | 100,8 |
| | - број на остварени полуобрти | 1.177.129 | 1.187.982 | 100,9 |
| | - процент на остварување | 99,83 | 99,91 | 100,1 |
| 30 | Превезени патници | 52.234.566 | 52.468.971 | 100,4 |
| 31 | Превезени патници Жичница Милениумски Крст | 278.588 | 294.589 | 105,7 |
| 32 | Остварени места километри ( во 000 ) | 1.662.396 | 1.603.670 | 96,5 |
| 33 | Места километри по патник ( квалитет ) | 31,83 | 30,56 | 96,0 |
| 34 | Места километри по вработен ( продуктивност ) | 1.311.037 | 1.226.048 | 93,5 |
| 35 | Места километри по возач | 2.952.745 | 2.755.447 | 93,3 |
| 36 | Превезени патници на поминати км. | 3,01 | 2,89 | 96,0 |

Во 2013 година во линиски превоз се поминати вкупно 18.181.000 км., што е за 4,9% повеќе во минатата година. Зголемувањето на бројот на поминати км. е резултат на зголемениот број на поминати км на:

1) Градски линии за 3,5% или 369.000 км.

Од 21.01.2013 година воведена нова линија број 33 релација Долно Лисиче – Дом на Печат;
Од 03.04.2013 година воведена нова ( пробна ) линија релација Водно – Дом на Печат;
Од 03.04.2013 година воведена нова линија број 5А релација Дексион – Клинички Центар;
Од 26.01.2013 год. зголемен број на полуобрти на лин. бр. 5 релација Н. Лисиче – Дексион;
Од 18.03.2013 година продолжена линија број 33 релација Долно Лисиче – Дом на Печат;
Од 18.03.2013 година зголемен број на полуобрти на линиите број 15 и 15А релација Ново Лисиче – Карпош 4;
Од 25.03.2013 година зголемен број на полуобрти на линија број 24 релација Кисела Вода ( Припор ) – Тафталиџе;
Од 03.04.2013 год. воведена нова линија на релација Водно – Дом на Печат;
Од 03.04.2013 год. воведена нова линија со број 5А релација Дексион – Клинички Центар;
Од 02.08 2013 год. зголемен број на полуобрти на лин. бр. 33 релација Долно ЛИсиче – Дом на Печат;
Од 02.08.2013 год. зголемен број на полуобрти на лин. бр. 42 релација Драчево – Железара;
Од 02.08.2013 год. зголемен број на полуобрти на лин. бр. 44 рел. Трубарево – Дом на Печат.

2) Приградски линии за 5,8% или за 344.000 км.

Од 21.01.2013 година воведена нова линија број 163 релација Општина Илинден – Драчево;

Од 21.01.2013 година продолжена линија бр. 18А релација Транспортен Центар – Визбегово;
Од 16.03.2013 година зголемен број на полуобрти на линија број 58 релација Транспортен Центар – Добри Дол;
Од 23.03.2013 година воведена нова линија релација Горно Нерези – Козле.

3) Договорен превоз за 15,2% или за 136.000 км.

Количество на потрошена нафта и бројот на остварени часови во сообраќај се зголемени соодветно на зголемениот обем на работа ( број на поминати км. ). Потрошената нафта на 100 км. остварена при обавување на линискиот превоз на патници бележи пад од 2,2 %( од 40,35 на 39,44 литри ) и е предизвикана од намалената потрошувачка која ја бележат новите автобуси.

Пораст од 0,1% бележат реализираните полуобрти во сообраќај што е резултат на зголеменото ниво на одржливост на возниот ред.

Зголемувањето на бројот на превезени патници за 0,4% или за 234.000 патници е резултат на зголемениот број на патници со претплатни билети за 1,2% .

Бројот на остварени места километри бележи намалување за 3,5% поради намалениот превозен капацитет на новите автобуси ( двокатни ЈУТОНГ = 80 места ) во споредба со старите автобуси ( Санос соло = 100 места, зглобни = 200 места ).

**ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ И ПОМИНАТИ КИЛОМЕТРИ ПО МЕСЕЦИ**

Таб.6

| Месец | Превезени патници | | Индекс | Поминати километри | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | 2013 | | 2012 | 2013 | |
| I | 2.741.000 | 2.903.000 | 105,9 | 1.319.000 | 1.468.000 | 111,3 |
| II | 4.897.000 | 4.852.000 | 99,1 | 1.370.000 | 1.456.000 | 106,3 |
| III | 5.093.000 | 5.047.000 | 99,1 | 1.542.000 | 1.589.000 | 103,0 |
| IV | 4.916.000 | 5.068.000 | 103,1 | 1.434.000 | 1.617.000 | 112,8 |
| V | 4.913.000 | 4.708.000 | 95,8 | 1.539.000 | 1.521.000 | 98,8 |
| VI | 4.436.000 | 4.401.000 | 99,2 | 1.375.000 | 1.422.000 | 103,4 |
| VII | 2.573.000 | 2.670.000 | 103,8 | 1.335.000 | 1.441.000 | 107,9 |
| VIII | 2.488.000 | 2.507.000 | 100,8 | 1.272.000 | 1.345.000 | 105,7 |
| IX | 4.684.000 | 4.702.000 | 100,4 | 1.491.000 | 1.553.000 | 104,2 |
| X | 5.179.000 | 5.227.000 | 100,9 | 1.552.000 | 1.617.000 | 104,2 |
| XI | 5.165.000 | 5.194.000 | 100,6 | 1.544.000 | 1.560.000 | 101,0 |
| XII | 5.150.000 | 5.190.000 | 100,8 | 1.560.000 | 1.592.000 | 102,1 |
| **I-XII** | **52.235.000** | **52.469.000** | **100,4** | **17.333.000** | **18.181.000** | **104,9** |

Граф.5



**ПОМИНАТИ КИЛОМЕТРИ ПО МЕСЕЦИ**

Таб.7

| Месец | 2012 | | | | 2013 | | | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Градски линии | Приградски линии | Договорен превоз | Вкупно | Градски линии | Приградски линии | Договорен превоз | Вкупно | 2013/2012 |
| I | 825.082 | 437.243 | 56.310 | 1.318.635 | 892.071 | 506.597 | 69.419 | 1.468.087 | 111,3 |
| II | 856.579 | 448.357 | 65.516 | 1.370.452 | 874.684 | 503.024 | 78.729 | 1.456.437 | 106,3 |
| III | 927.791 | 525.757 | 88.804 | 1.542.352 | 952.823 | 537.830 | 97.750 | 1.588.403 | 103,0 |
| IV | 869.585 | 487.706 | 76.713 | 1.434.004 | 956.801 | 558.008 | 102.310 | 1.617.119 | 112,8 |
| V | 926.597 | 520.923 | 91.163 | 1.538.683 | 904.343 | 520.813 | 96.280 | 1.521.436 | 98,9 |
| VI | 836.370 | 474.667 | 63.378 | 1.374.415 | 857.268 | 490.777 | 73.997 | 1.422.042 | 103,5 |
| VII | 809.113 | 474.389 | 51.592 | 1.335.094 | 855.450 | 513.915 | 71.872 | 1.441.237 | 108,0 |
| VIII | 768.149 | 452.640 | 50.758 | 1.271.547 | 804.449 | 479.178 | 61.452 | 1.345.079 | 105,8 |
| IX | 892.605 | 514.335 | 84.508 | 1.491.448 | 928.304 | 531.231 | 92.983 | 1.552.518 | 104,1 |
| X | 934.434 | 533.675 | 84.432 | 1.552.541 | 965.232 | 552.786 | 98.984 | 1.617.002 | 104,2 |
| XI | 926.278 | 525.663 | 92.028 | 1.543.969 | 930.939 | 532.795 | 95.989 | 1.559.723 | 101,0 |
| XII | 940.181 | 532.931 | 86.705 | 1.559.817 | 959.192 | 545.291 | 87.917 | 1.592.400 | 102,1 |
| **I-XII** | **10.512.764** | **5.928.286** | **891.907** | **17.332.957** | **10.881.556** | **6.272.245** | **1.027.682** | **18.181.483** | **104,9** |

Граф.6




## *9.3 Структура на превезени патници*

**СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ**
**( ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ )**

Таб.8

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Стр.% | Индекс 2013/2012 | + / - |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Патници со билети за поништување** | **16.189.000** | **16.678.000** | **18.158.000** | **17.548.000** | **17.369.000** | **33,1** | **99,0** | **-179.000** |
| | - Патници со билети за поништување на градски линии | 14.269.000 | 14.511.000 | 15.891.000 | 15.627.000 | 15.419.000 | 29,4 | 98,7 | -208.000 |
| | - Патници со билети за поништување на приградски линии | 1.920.000 | 2.167.000 | 2.267.000 | 1.921.000 | 1.950.000 | 3,7 | 101,5 | +29.000 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Патници со претплатни билети** | **32.359.000** | **31.365.000** | **32.288.000** | **34.556.000** | **34.959.000** | **66,6** | **101,2** | **+403.000** |
| | - Ученички, студентски | 17.255.000 | 18.225.000 | 19.855.000 | 21.184.000 | 21.370.000 | 40,7 | 100,9 | +186.000 |
| | - Билети за возрасни | | 12.000 | 114.000 | 200.000 | 214.000 | 0,4 | 107,0 | +14.000 |
| | - Пензионерски | 2.794.000 | 2.375.000 | 1.897.000 | 1.575.000 | 1.269.000 | 2,4 | 80,6 | -306.000 |
| | - Месечни билети за градски линии | 4.779.000 | 4.640.000 | 4.989.000 | 5.627.000 | 5.937.000 | 11,3 | 105,5 | +310.000 |
| | - Месечни билети за сите линии | 2.205.000 | 1.781.000 | 1.784.000 | 2.167.000 | 2.286.000 | 4,4 | 105,5 | +119.000 |
| | - Колективни месечни билети | 2.990.000 | 2.449.000 | 2.052.000 | 1.980.000 | 1.896.000 | 3,6 | 95,8 | -84.000 |
| | - Фабрички билети | 18.000 | 42.000 | 40.000 | 5.000 | 2.000 | 0,0 | 40,0 | -3.000 |
| | - Годишни билети | 2.318.000 | 1.841.000 | 1.557.000 | 1.818.000 | 1.985.000 | 3,8 | 109,2 | +167.000 |
| **3.** | **Патници со договорен превоз** | **79.000** | **167.000** | **130.000** | **119.000** | **125.000** | **0,3** | **105,0** | **+6.000** |
| | - Претпријатија | 58.000 | 130.000 | 102.000 | 71.000 | 69.000 | 0,2 | 97,2 | -2.000 |
| | - Групен превоз | 21.000 | 37.000 | 28.000 | 48.000 | 56.000 | 0,1 | 116,7 | +8.000 |
| **4.** | **Дополнителни билети** | 6.000 | 5.000 | 9.000 | 12.000 | 16.000 | **0,0** | **133,3** | **+4.000** |
| | **В К У П Н О** | **48.633.000** | **48.215.000** | **50.585.000** | **52.235.000** | **52.469.000** | **100,0** | **100,4** | **+234.000** |
| | **Просечно месечно превезени патници** | **4.052.750** | **4.017.917** | **4.215.417** | **4.352.917** | **4.372.417** | | **100,4** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Патници со билети за Жичница** | | **270.000** | **278.000** | **295.000** | **106,1** | **+17.000** |

Напомена: Бесплатниот превоз на возрасни лица над 62/64 год. и деца до 6 години не се евидентира во бројот на патници во линискиот превоз со оглед дека за овие категории на патници не се издава билет.

Во 2013 година во линискиот превоз ЈСП СКОПЈЕ превезе вкупно 52.469.000 патници и во споредба со минатата година бројот на превезените патници бележи зголемување за 234.000 патници или за 0,4%. Порастот на бројот на превезени патници исклучиво се должи на зголемениот број на корисници со претплатни билети за 403.000 патници или за 1,2% :

- Зголемен број на корисници на ученички и студентски билети за 0,9% или за 186.000 патници;
- Зголемен број на корисници на билети за возрасни за 0,4% или за 14.000 патници;
- Зголемен број на корисници на месечни билети за градски линии за 5,5% или за 310.000 патници;
- Зголемен број на корисници на месечни билети за сите линии за 5,5% или за 119.000 патници и
- Зголемен број на корисници на годишни билети за 9,2% или за 167.000 патници.

Пораст бележат и патници со дополнително наплатените билети за 33,3% или за 4.000 патници, како и патници со договорен превоз за 5% или за 6.000 патници.

Намалување бележат единечни билети за поништување за 1% или за 179.000 патници и е резултат исклучиво на намалениот број на корисници на билети за поништување на градски линии за 1,3% или за 208.000 патници со оглед на порастот на патниците со билети за поништување на приградски линии за 1,5% или за 29.000 патници.

Граф.7


СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ
( ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ )
патн.со колективни прет. билети 3,60%
патн.со годишни прет. билети 3,80%
патн.со договорен превоз 0,30%
патн.со билети за поништ.на градски линии 29,40%
патн.со месечни претплатни билети 15,70%
патн.со претплатни билети за возрасни 0,40%
патн.со пензионерски претплатни билети 2,40%
патн.со билети за поништ.на приградски линии 3,70%
патн.со ученички, студентски претплатни билети 40,70%
Патн. со билети за поништување на градски линии
Патн. со билети за поништување на приградски линии
Патн. со ученички, студентски претплатни билети
Патн.со пензионерски претплатни билети
патн. со претплатни билети за возрасни
Патн.со месечни претплатни билети
Патн.со колективни претплатни билети
Патн.со фабрички претплатни билети
Патн.со годишни претплатни билети
Патници со договорен превоз

Граф.8


ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ ПО ГОДИНИ ( ВО 000 )
40.000
35.000
30.000
25.000
20.000
15.000
10.000
5.000
0
2009: 14.269 1.920 32.359 79 6
2010: 14.511 2.167 31.365 167 5
2011: 15.891 2.267 32.288 130 9
2012: 15.627 1.921 34.556 119 12
2013: 15.419 1.950 34.959 125 16
патници со билети за поништување на градски линии
патници со билети за поништување на приградски линии
патници со претплатни билети
патници од договорен превоз
патници со дополнителни билети

## 9.4 Количина на продадени билети

**КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ ПРЕТПЛАТНИ БИЛЕТИ**

Таб.9

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Стр.% | Индекс 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученички, студент. билети** | **98.892** | **75.156** | **57.803** | **52.107** | **54.399** | **11,6** | **104,4** |
| | - Ученички, студт. билети за градски линии | 71.734 | 57.212 | 40.743 | | | | |
| | - Ученички, студент. билети за сите линии | 27.158 | 17.944 | 17.060 | 52.107 | 54.399 | 11,6 | 104,4 |
| 2 | **Ученички (задолж. средно образов.)** | **76.402** | **132.703** | **181.492** | **209.410** | **208.277** | **44,4** | **99,5** |
| 3 | **Ученички, студент. билети (договор, тендер и др)** | **29.407** | **28.108** | **26.266** | **24.543** | **27.169** | **5,8** | **110,7** |
| 4 | **Билети за возрасни** | | **122** | **1.204** | **2.101** | **2.256** | **0,5** | **107,4** |
| | - Билети за возрасни за градски линии | | 80 | 590 | | | | |
| | - Билети за возрасни за сите линии | | 42 | 614 | 2.101 | 2.256 | 0,5 | 107,4 |
| 5 | **Пензионерски билети за градски линии** | **29.408** | **25.003** | **19.964** | **16.576** | **13.361** | **2,8** | **80,6** |
| | - Пензионерски бил. за градски линии | 15.187 | 13.111 | 9.963 | | | 0,0 | |
| | - Пензионерски билети за сите линии | 14.221 | 11.892 | 10.001 | 16.576 | 13.361 | 2,8 | 80,6 |
| 6 | **Месечни билети за градски линии** | **58.286** | **56.584** | **60.835** | **68.629** | **72.398** | **15,4** | **105,5** |
| 7 | **Месечни билети за сите линии** | **26.885** | **21.714** | **21.756** | **26.427** | **27.878** | **5,9** | **105,5** |
| 8 | **Колективни билети** | **49.827** | **40.819** | **34.199** | **33.009** | **31.605** | **6,7** | **95,7** |
| 9 | **Фабрички билети** | **296** | **707** | **672** | **84** | **36** | **0,0** | **42,9** |
| 10 | **Годишни билети** | **34.799** | **28.958** | **25.137** | **29.455** | **32.045** | **6,8** | **108,8** |
| | **В к у п н о** | **404.202** | **409.874** | **429.328** | **462.341** | **469.424** | **100,0** | **101,5** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Просечно месечно продадени билети** | **33.683** | **34.156** | **35.777** | **38.528** | **39.119** | | **101,5** |

Зголемувањето на количината на продадени претплатни билети за 1,5% или за 7.083 билети е резултат на порастот на количината на:

- Ученички и студентски билети за 4,4% или за 2.292 билети;
- Ученички и студентски билети ( договор, тендер и др.) за 10,7% или за 2.626 билети;
- Билетите за возрасни за 7,4% или за 155 билети;
- Месечните билети за градски линии за 5,5% или за 3.769 билети ;
- Месечните билети за сите линии за 5,5% или за 1.451 билет и
- Годишните билети за 8,8% или за 2.590 билети.

Останати видови на претплатни билети бележат намалување.

## КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ ЕДИНЕЧНИ БИЛЕТИ

Таб.10

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Стр. % | Инд. 2013 /2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Билети за поништ. -градски линии** | **10.557.708** | **10.501.867** | **11.407.711** | **9.370.653** | **8.810.797** | **83,4** | **94,0** |
| | -билет за едно возење | 3.354.461 | 3.112.540 | 2.943.471 | 2.115.340 | 1.877.787 | 17,8 | 88,8 |
| | -билет купен во возило | 6.790.881 | 6.943.858 | 7.869.553 | 6.369.060 | 6.009.132 | 56,9 | 94,3 |
| | -билет за десет возења | 412.366 | 445.469 | 498.125 | 695.107 | 734.226 | 6,9 | 105,6 |
| | -билет за едно возење ноќе | | | 96.562 | 191.146 | 189.652 | 1,8 | 99,2 |
| **2** | **Билети за поништ. -приградски линии** | **1.842.279** | **2.074.499** | **2.174.849** | **1.763.720** | **1.753.715** | **16,6** | **99,4** |
| **2.1** | **Билет за едно возење на приградски линии** | **1.794.436** | **2.029.379** | **2.134.995** | **1.729.352** | **1.712.649** | **16,2** | **99,0** |
| | -билет за едно возење | | | 912.514 | 1.729.352 | 1.712.649 | 16,2 | 99,0 |
| | -билет за една зона | 1.268.462 | 1.671.537 | 1.100.458 | | | | |
| | -билет за две зони | 374.763 | 244.235 | 82.496 | | | | |
| | -билет за три зони | 151.211 | 113.607 | 39.527 | | | | |
| **2.2** | **Преоден билет на приградски линии** | **44.088** | **39.237** | **33.290** | **19.018** | **21.724** | **0,2** | **114,2** |
| | -преоден билет за градска и приградска зона | | | 14.007 | 19.018 | 21.724 | 0,2 | 114,2 |
| | -преоден билет за втора зона | 42.769 | 38.101 | 19.064 | | | | |
| | -преоден билет за трета зона | 1.319 | 1.136 | 219 | | | | |
| **2.3** | **Билет за 10 возења на приградски линии** | **3.755** | **5.883** | **6.564** | **15.350** | **19.342** | **0,2** | **126,0** |
| | -билет за 10 возења | | | 3.507 | 15.350 | 19.342 | 0,2 | 126,0 |
| | -билет за 10 возења во една зона | 1.920 | 2.757 | 1.834 | | | | |
| | -билет за 10 возења во две зони | 1.522 | 2.644 | 1.066 | | | | |
| | -билет за 10 возења во три зони | 313 | 482 | 157 | | | | |
| | **В к у п н о** | **12.399.987** | **12.576.366** | **13.582.560** | **11.134.373** | **10.564.512** | **100,0** | **94,9** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Просечно месечно продадени билети** | **1.033.332** | **1.048.031** | **1.131.880** | **927.864** | **880.376** | | **94,9** |

Намалувањето на количината на продадени единечни билети за 5,1% или за 569.861 билет се должи на намалената количина на продадени билетите за поништувачи на :

- градски линии за 6% или за 559.856 билети и
- приградски линии за 0,6% или за 10.005 билети.

## 9.5 Ремонтно сервисни активности

Во 2013 година обемот на извршени ремонтно-сервисни активности бележи значително намалување во споредба со минатата година, што е резултат на значајно подобрената старосна структура на возниот парк. Влијание врз намалениот обем има и редовниот сервис на Јутонг автобусите кој го врши надворешен овластен сервисер. Најголемо намалување од 69% забележано е во делот на полуремонти, потоа следат намалувањата во делот на и генерални ремонти за 48,6% сервисирање на диференцијали за 44,3% и сервисирања на менувачи за 37,3%.

**ОСТВАРЕН ОБЕМ НА РЕМОНТНО СЕРВИСНИ АКТИВНОСТИ**

Таб.11

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Индекс 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Ремонтни активности** | **128** | **105** | **157** | **223** | **177** | **79** | **32** | **40,5** |
| | - Генерален ремонт | 75 | 55 | 61 | 48 | 50 | 37 | 19 | 51,4 |
| | - Полуремонти | 53 | 50 | 96 | 175 | 127 | 42 | 13 | 31,0 |
| **2.** | **Менувачи** | **250** | **246** | **293** | **243** | **232** | **118** | **74** | **62,7** |
| **3.** | **Диференцијали** | **181** | **172** | **178** | **167** | **157** | **70** | **39** | **55,7** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инвентарна состојба просечно дневно | 404 | 371 | 357 | 343 | 390 | 445 | 467 |
| Исправни возила просечно дневно | 283 | 275 | 259 | 261 | 280 | 309 | 334 |
| Возила во работа просечно дневно | 184 | 185 | 184 | 191 | 195 | 201 | 209 |
| Новонабавени возила | | | | | 149 | 163 | |
| Отуѓени возила | 25 | 10 | 14 | 14 | 79 | 40 | 97 |

**РЕМОНТНО СЕРВИСНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2013 ГОДИНА**

Таб.12

| Месец | Автокоманда | | | | Ѓорче Петров | | | | ЈСП СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ген. ремонт | Полу-ремонт | Мену-вачи | Диферен-цијали | Ген. ремонт | Полу-ремонт | Мену-вачи | Диферен-цијали | Ген. ремонт | Полу-ремонт | Мену-вачи | Диферен-цијали |
| I | 3 | 2 | 7 | 3 | | | 1 | | 3 | 2 | 8 | 3 |
| II | 2 | 2 | 5 | 4 | | | 2 | | 2 | 2 | 7 | 4 |
| III | 2 | 1 | 3 | 3 | | | 1 | | 2 | 1 | 4 | 3 |
| IV | 3 | | 9 | 4 | | | 2 | 1 | 3 | | 11 | 5 |
| V | 1 | 1 | 10 | | | | 1 | 2 | 1 | 1 | 11 | 2 |
| VI | 2 | 1 | 10 | 3 | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 11 | 4 |
| VII | | 2 | 4 | 2 | | | 1 | | | 2 | 5 | 2 |
| VIII | 2 | | 3 | 2 | | | 1 | 2 | 2 | | 4 | 4 |
| IX | 1 | 1 | 1 | 3 | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| X | 1 | 1 | 3 | 2 | | | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 | 3 |
| XI | 1 | | 2 | 2 | | | 1 | 1 | 1 | | 3 | 3 |
| XII | 1 | 1 | 2 | 2 | | 1 | 2 | | 1 | 2 | 4 | 2 |
| **Вкупно** | **19** | **12** | **59** | **30** | | **1** | **15** | **9** | **19** | **13** | **74** | **39** |

Граф.9




Граф.10




Граф.11



## 9.6 Сообраќајни незгоди и инциденти

Во 2013 год. возилата на ЈСП учествувале во вкупно 347 сообраќајни незгоди, во кои 31 лице се повредени, додека нема загинати лица. Во споредба со минатата година бројот на сообраќајните незгоди е зголемен за 20,5% или за 59 незгоди. Најголем дел, 156 незгоди или 45% се предизвикани по вина на другите учесници во сообраќајот, а за 110 или за 31,7% од сообраќајните незгоди не е утврдена вината.

За 81 незгода или 23,7% од сообраќајните незгоди е утврдена вина на ЈСП. Бројот на сообраќајни незгоди предизвикани по вина на ЈСП во споредба со минатата година е зголемен за 1,3% или за 1 сообраќајна незгода.

**СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ**

Таб.13

| Р.бр. | СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Индекс 13/12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | По вина на ЈСП | 45 | 67 | 53 | 87 | 79 | 51 | 42 | 85 | 52 | 80 | 81 | 101,3 |
| 2. | По вина на останатите учесници | 137 | 157 | 178 | 167 | 150 | 161 | 132 | 132 | 166 | 156 | 156 | 100,0 |
| 3. | Не е утврдена вината | 34 | 40 | 61 | 74 | 36 | 41 | 47 | 28 | 29 | 52 | 110 | 211,5 |
| | **ВКУПНО** | **216** | **264** | **292** | **328** | **265** | **253** | **221** | **245** | **247** | **288** | **347** | **120,5** |
| | Просечно дневно сообраќајни незгоди | 0,59 | 0,72 | 0,80 | 0,90 | 0,73 | 0,69 | 0,61 | 0,67 | 0,68 | 0,79 | 0,95 | 120,3 |
| | Сообраќајни незгоди по возила во работа | 0,99 | 1,31 | 1,45 | 1,70 | 1,44 | 1,24 | 1,20 | 1,28 | 1,27 | 1,43 | 1,66 | 116,1 |
| | Повредени | 29 | 13 | 25 | 20 | 28 | 24 | 38 | 44 | 41 | 50 | 31 | 62,0 |
| | Загинати | 1 | 1 | / | 1 | 2 | 1 | / | 3 | 1 | 3 | / | |

**СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ВО 2013 ГОДИНА**

Таб.14

| Месец | По вина на ЈСП | | По вина на останатите учесници | | Не е утврдена вината | | Вкупно | | Повре-дени | Заги-нати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Со потешки послед. | Со мала материјална штета | Со потешки послед. | Со мала материјална штета | Со потешки послед. | Со мала материјална штета | Со потешки послед. | Со мала материјална штета | | |
| I | 1 | 6 | 2 | 13 | 2 | 2 | 5 | 21 | 7 | |
| II | 2 | 3 | 1 | 15 | 4 | 3 | 7 | 21 | 7 | |
| III | 3 | 17 | 1 | 3 | 22 | 1 | 26 | 21 | 7 | |
| IV | 3 | 1 | 1 | 12 | 3 | 2 | 7 | 15 | 2 | |
| V | 2 | 2 | 1 | 11 | 4 | 9 | 7 | 22 | 2 | |
| VI | 3 | 6 | 1 | 16 | 9 | 1 | 13 | 23 | 2 | |
| VII | 1 | 2 | 2 | 6 | 1 | 6 | 4 | 14 | | |
| VIII | 1 | 4 | 1 | 8 | | 4 | 2 | 16 | | |
| IX | 2 | 4 | 1 | 12 | 1 | 7 | 4 | 23 | | |
| X | | 1 | 1 | 16 | 8 | 4 | 9 | 21 | 1 | |
| XI | | 6 | | 12 | 4 | 3 | 4 | 21 | 2 | |
| XII | | 11 | | 20 | 5 | 5 | 5 | 36 | 1 | |
